Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25 и 13/25), по барање на [redacted] за сечење на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) и тоа: 4 (четири) дрва (багреми) што се наоѓаат **на ул. "Загребска" бр.19 – Скопје.**
2.Сечењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"
4. Се обврзува ЈП Паркови и зеленило, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 4 (четири) соодветни дрва, постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исечените стебла.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted] поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/170** од **11.03.2026** година, за сечење на дрвата што се наоѓаат **на ул. "Загребска" бр. 19 – Скопје.** Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвата предмет на барањето се самоник, навалени со крошната кон куќата на барателот, истите се обраснати со бршлен, а има надвиснати гранки и над улицата, со што има опасност дрвата да паднат и причинат материјална и нематеријална штета.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење ( кроење е вид на кастрење при што се прават

напори зеленилото да добие естетска форма ) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за отстранување на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвата се опасни да паднат, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/170/2**
**18.03.2026** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП “Паркови и зеленило”
-Архива

Виш соработник
**Марија Стојановска**
______________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**
______________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
______________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**
____________________________